# ООУ ,,Видое Подгорец,, Струмица

# И З В Е Ш Т А Ј

од извршена самоевалуација на ООУ ,,Видое подгорец,, Струмица

за периодот од 2021-2023 година

# И З В Е Ш Т А Ј

самоевалуација на ООУ ,,Видое подгорец,, Струмица за периодот од 2021-2023 година

Врз основа на член 129 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20) Општинското основно училиште „Видое Подгорец,, Струмица, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од последните две учебни години, односно учебната 2021/22 и 2022/2023 година.

За таа цел, по предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на________________година формираше Комисија за спроведување на самоевалуација на работата на училиштето во следниот состав:

1. Тања Црвенковска – специјален едукатор
2. Вања Кирова – психолог
3. Сања Ташева - педагог
4. Елизабета Савова – одделенски наставник
5. Емилија Пандева - родител

Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот на училиштето;
- Вклучување на развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор,стручна служба, наставници, ученици, родители, локалната средина и во воспитно-образовниот систем;
- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување на подобри резултати;
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација одпотребата за развој на училиштето;

- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за врднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето;

- Процесот на самоевалувација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и актовности со примена на различни методии техмики со цел создавање единствени критериуми.

**Работните групи ги сочинуваа следните наставници:**

| Работни групи | Подрачја | Име и презиме на наставникот |
|---|---|---|
| | | **1. Фросина Милева** |
| | | 2. Мимоза Јовановска |
| | | 3. Ристо Тасев |
| | | 4. Будимкица Јованова |
| | | 5. Спасе Крстев |
| | | 6. Емилија Трајкова |
| | | 7. Живанка Попчева |
| | | 8. Верица Карагоцева |
| | | 9. Горан Потргански |
| | | **1. Горан Потргански** |
| | | 2. Љубица Каменчева |
| | | 3. Сања Ташева |
| | | 4. Наташа Масева |
| | | 5. Ване Наумов |
| | | 6. Дијана Тумбова |
| | | 7. Снежана Соколова |
| | | 8. Весна Трајкова |
| | | 9. Катерина Божинова |
| | | **1. Ванѓа Кантурска** |
| | | 2. Васка Христова |
| | | 3. Јасминка Николова |
| | | 4. Мартина Спасова |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Солунка Митева |
| | | 6. Елизабета Савова |
| | | 7. Зорка Џибулова |
| | | 8. Јулијана Љончева |
| | | 9. Надица Ѓеорѓиева |
| | | **1. Маја Годева** |
| | | 2. Сања Георгиева |
| | | 3. Горан Иванчев |
| | | 4. Зоран Спасов |
| | | 5. Македонка Стоилова |
| | | 6. Верица Гоцевска |
| | | 7. Гордана Тилева |
| | | 8. Натка Колева |
| | | |
| | | **1. Натка Гарванлиева** |
| | | 2. Зуле Партинова |
| | | 3. Горан Иванчев |
| | | 4. Мартина Спасова |
| | | 5. Јулијана Љончева |
| | | 6. Лепа Мишовска |
| | | 7. Соња Цицимова |
| | | **1. Сашко Стојчевски** |
| | | 2. Васка Едровска |
| | | 3. Нада Трајкова |
| | | 4. Мартин Алаѓозовски |
| | | 5. Катерина Божинова |
| | | 6. Стојка Азманова |
| | | 7. Павлинка Динева |
| | | 8. Тена Зафирова |
| | | **1. Кевија Стојанова** |
| | | 2. Невенка Богоева |
| | | 3. Зоран Спасов |
| | | 4. Ликица Кантарџиева |
| | | 5. Вања Кирова |
| | | 6. Марија Кочева Јанакова |
| | | 7. Христенка Танчева |
| | | 8. Тања Црвенковска |
| | | 9. Ангелина Андонова |

Самоевалвацијата е спроведена од мај до септември 2023 година и се однесува на период од две наставни години, за учебната 2021/22 и 2022/23 година согласно Законот за основно образование.

Тимовите, во координација на членовите на комисијата, спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и извори, врз основа на кои ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои одговорија на прашањата во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје ги издвои јаките и слабите страни, направи резиме и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели реализацијата на Програмата за развој на училиштето за наредните 2 години.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на __________________година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, јаките и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за целосна реализација на стратешките и развојните цели поставени во Програмата за развој на училиштето.

Во овој извештај ќе ги презентираме јаките страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

1. **Наставни планови и програми**

**Клучни страни:**

- Во училиштето редовно се изработуваат наставни планови и програми, како и тематски, месечни и дневни планирања ( сценарија за час );
- Редовно се одржуваат состаноци на стручни активи во училиштето;
- Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за ученици со посебни образовни потреби и ученици кои имаат потешкотии во учењето;
- Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;
- Во наставните содржини се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување );
- При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;
- Родителите редовно се информираат за животот и работата во училиштето преку Училишен одбор, Совет на родители, Веб страната на училиштето, родителски средби, преку Е- дневник ;
- Во наставата редовно се користи информациско - комуникациска технологија согласно наставните содржини и се применуваат апликации и едукативни образовни софтвери;
- Наставниците навремено ги информираат родителите за организирање на часови за додатна и дополнителна настава;
- Постигањата на учениците од наставните и воннаставните активности се афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии, квизотеки и детски списанија;

**Слабости**

- Наставниците имаат потреба од обука за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Недоволна опременост на училиштето со наставни средства и помагала, како и со стручна литература за наставниците;
- Употреба на поголем број методи и форми на оценување со цел пообјективно вреднување на постигањата на учениците;
- Учениците имаат потреба од насоки за поефикасно учење на наставните содржини;
- Спроведување на поголем број активности кои ќе придонесат за развивање претприемнички вештини кај учениците.

-Учениците со наставните планови и програми се запознаваат на првиот час на почетокот на учебната година, поединачно по сите предмети. Се дава можност секој ученик да изврши избор на предмети од изборна настава преку анкетни листови.
-Советот на родители се запознава со програмите на својата прва седница. Секој наставник индивидуално ја прилагодува програмата за учениците со посебни образовни потреби и изготвува ИОП за секој посебно.
-За штетните влијаниа на одрдени болести на зависност се даваат информации преку трибини и предавања, но истите треба почесто да се организираат.
-Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања.
-Учениците активно учествуваат во воннаставните активности и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето.
-Наставниците користат разни форми и методи на работа и оценување.
-Училиштето воглавно работи според однапред предвидени активности дефинирани во соодветни правилници усвоени од соодветните органи.

**Идни активности**

- Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето Иницијатива за планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења за НПП од страна стручните активи, на Наставничкиот совет, Совет на родители и Училишен Одбор.

**Анализа на резултатите**

Нашето училиште строго работи според наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставните планови и програми се достапни како на наставниците така и на родителите. Сите наставници навремено доставуваат годишни планирања (кај директорот или во стручната служба). На почетокот на учебната година односно на првата родителска средба родителите општо се запознаваат со наставниот план и прогарама за учебната година.

## 2. Постигнувања на учениците

**Клучни страни**

- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика
- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците
- Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите пропишани од БРО
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците
- Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор
- Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)
- Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба
- Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии
- Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето
- Учениците реално се вреднувани за своите знаења и се мотивирани да учествуваат на разновидни натпревари
- Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца.
- Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава
- Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности
- Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.

**Слабости**

- Незаинтересираност и слаба посетеност на дополнителна настава од ученици кои имаат послаб успех
- Недоволна соработка со родители и деца кои имаат послаб успех
- Потреба од обуки на наставници за работа со деца со ПП заради подигање свесноста на родителите за различностите
- Изедначување на критериумите за оценување врз основа на стандардите за оценување
- Потреба од обуки за оценување на деца со потешкотии во учењето и деца со посебни потреби
- Потреба од обуки за изготвување на ИОП за децата со посебни потреби
- Недоволни сознанија за постигањата на учениците кои завршиле во нашето училиште
- Споредбени прегледи за постигањата на учениците на интерните тестирања

**Анализа на резултатите**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , а подобрувањето на нивниот квалитет во Годишната програма за работа на училиштето има статус на приоритет.

Стручниот тим ( специјален едукатор и рехгабилитатор, психолог , педагог) за работа со учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, е надополнет со логопед. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот –обрацовен оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.

Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.

Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот, ги посетува градинките во својот реон;

Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго. Неколку години наназад има осипување на ученици особено заради иселување во странство.

Нема ученик кој ја повторувал годината.

Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тромесечие, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните спорабoтници и родителите на ученикот/ученичката.

Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи

**Идни активности**

- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (од I-III, IV-VI и VII-IX одделение ) и од едно до друго ниво на образование
- Правилник за наградување на наставници-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации со учениците.
- Изготвување на Процедура за идентификување на талентирани и надарени ученици во редовната настава.
- Анализа на причините за нередовност на учениците.

## 3. <u>Учење и настава</u>

**Клучни страни**

- Наставниот кадар со својата стручност и компетентност секојдневно преку планирањето на наставата и наставниот час со соодветните годишни, месечни и тематски процесни и дневни планирања овозможува учениците да се вклучат во процесот на учење.
- Наставниците преку користење на разни наставни форми, методи и техники овозможуваат добивање на поквалитетни знаења кај учениците.
- Училишната средина ги стимулира и мотивира учениците на учење, добивање нови знаења и искуства кои ќе им овозможат непречено вклучување во општествениот живот.
- Секојдневно со учениците се работи за поттикнување на нивните образовни потреби преку учење на нови содржини, повторување на стекнатите знаења и примена на истите во понатамошното образование.
- Критериумите за оценување важат за сите ученици подеднакво.
- Стручната служба редовно го следи успехот на учениците, редовноста и проблемите кои се појавуваат во текот на школувањето на учениците
- Психологот на училиштето реализира советување на родителите и учениците кои имаат слаб успех, не посетуваат редовно настава, покажуваат несоодветно однесување, имаат емоционални проблеми и потешкотии, тешко се адаптираат и социјализираат во училиштето и други потешкотии. Исто така, се прават работилници и предавања на теми за спречување на конфликти и насилство, злоупотреба со дроги и други штетни супстанци, професионална ориентација, тестирања внатре во училиштето и други

надворешни тестирања кои се организираат од БРО, МОН и други институции кои се поврзанио со образованието. Училиштето е партнер училиште со повеќе основни училишта и спроведува голем број на проекти со цел меѓуетничка интеграција на учениците и родителите, вклученост на сите ученици подеднакво во образовниот процес

- Согласно современите текови во образованието на светско ниво, стручната служба го води и училишниот инклузивен тим, се грижи за вклученост на учениците со посебни образовни потреби во образовниот процес, ги помага, поддржува и потикнува истите за нивна инклузија, рамномерност и рамноправност во образованието и општеството.

**Слабости**

- Недостатокот на дигитализација со ИКТ опрема во училиштето
- Училиштето има недостаток од наставни помагала
- Училиштето има недостаток од простор ( училници за сместување на ученици од прво одделение )
- Обновување на училишниот инвентар во училиштето ( маси, клупи, столчиња и сл ).

**Анализа на резултатите**

Наставниците изготвуваат годишни, месечни и тематски процесни и дневни планирања за нивната работа во координација со наставниците од иста област како и со стручната служба во училиштето. Во зависност од целта што треба да се постигне, задачите што треба да се постигнат и времето кога се врши при подготовката и планирањето на наставата, наставниците изготвуваат годишни, месечни и тематски процесни и дневни планирања кои се во склад со насоките на наставните планови и програми дадени од Министерството за образование и наука дадени со тековните програми во годишните планирања.

Се прави распределба на вкупниот фонд на часови, на посебни типови на часови така што може да се совлада целата програма. Да се направат потребните повторувања, утврдување, да се решат задачите и.т.н., тематските процесни планирања се најчесто за секој месец посебно и со нив се опфаќаат темите т.е. методските единици кои се изучуваат во текот на месецот.

Наставниците преку разговори, дебати и советување ги насочуваат учениците во користење на ресурси според нивните потреби и стилови на учење, а особено во групи на ученици со различни способности. Учениците имаат потполна слобода за обраќање кон наставниците за секаква помош што ќе придонесе за нивниот психифизички развој. Директорот, стручната служба на училиштето вршат увид во работата на наставниците преку посета на часови и тестирање на учениците. Оценувањето на наставниците го вршат советници и инспектори од БРО и МОН преку посета на часови.

Резултатите од ваквите оценувања се користат во професионалниот развој на наставниците и давањето подршка на нивните образовни потреби. Наставниците се вклучуваат во сите семинари и обуки кои ги организира БРО за нивниот професионален развој. Голем дел од наставниците се дообразуваа на соодветните факултети. Дел од наставниците во одделенска настава дипломираа на Педагошки факултет.

Учениците во нашето училиште посетуваат настава на македонски наставен јазик.За сите ученици важат истите правила и прописи кои училиштето интерно ги има. Училиштето организира општи родителски средби, индивидуални средби на наставниците со родителите, писмени известувања како и телефонски разговори со родителите за навремено информирање за напредокот и промените кај нивните деца во однос на поведението. Училиштето прави напори за подобрување со наставни помагала, нагледни средства преку контакти со надлежното министерство, ги обезбедува од сопствениот буџет, преку општината и преку учество во најразлични проекти но цовременото образование бара постојано усовршување и модернизирање со цел подобрување на условите за работа, следење на современите текови во образованието и подобрување на успехот на учениците.

За подобрување на квалитетот на наставата, психифизичкиот развој на учениците и збогатување на забавниот живот во рамките на училиштето добро би било во училишниот двор да се постават неколку реквизити каде учениците ќе може да го поминуваат слободното време.

**Идни активности:**

- Зголемување на просторот во училиштето ( да се доизградат учлници за сместување на ученици од прво одделение ) ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата.
- Подобрување на снабденоста на училиштето со нагледни средства
- Обновување на училишен инвентар ( маси, столчиња, клупи и сл. )

## 4. Поддршка на учениците

**Клучни страни**

- Училиштето претставува безбедно место каде непречено се реализира наставата во две смени
- Сите вработени ја знаат својата улога и обврска во заштитата на децата и нивните права
- Училиштето поттикнува здрави животни стилови
- Училиштето е отворено за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми и истите се позитивно прифатени од нивните соученици
- Училиштето на различни начини ги помага учениците од социјално загрозените семејства
- Секоја година учениците навремено се информирани со условите за упис во средните училишта, и им се нуди потребна помош во правилниот избор на идното училиште и занимање
- Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни програми
- Се води редовна евиденција за напредокот на учениците и навремено информирање на родителите во напредокот на нивните деца

**Слабости**

- Недоволно лица ( наставници, ученици и др.) се обучени за пружење Прва помош
- Потребна е поголема соработка на релација ученик-родител –наставник за надминување на потешкотиите и зголемување на меѓусебната соработка
- Училиштето нема вработено логопед
- Потребна е поголема соработка со невладини организации кои нудат дополнителна помош
- Потребна е едукација на наставниците за работа со ученици со посебни потребни, ученици со здравствени проблеми и сл.

**Анализа на резултатите**

Во нашето училиште во редовна настава покрај психофизички нормалните ученици, вклучени се и ученици со посебни образовни потреби. Сепак, присутвото на таквите ученици не им пречи на останатите ученици во совладувањето на наставните содржини. Учениците со посебни образовни потреби се добро прифатени од останатите ученици, просветните работници и стручната служба. Исто така напредокот на учениците со посебни потреби се одвива под целосна контрола на стручната служба во училиштето. За напредокот на учениците со посебни образовни потреби, од страна на стручната служба, инклузивниот тим и просветните работници се изготвуват посебни планови и програми за совладување на предвидените наставни содржини во тековната учебна година. Во училиштето се одвиваат редовни родителски средби како и индивидуални средби на родителите со одделенските раководители и раководителите на паралелките преку кои одделенските раководители и наставниците ги запознаваат родителите со емоционалните, физичките и соција̀лните потреби на нивните ученици. На тој начин се интензивира и продлабочува соработката помеѓу родителите, наставниците и стручната служба во училиштето, а сè со цел да се овозможи подобар прогрес во воспитанието, образованието, менталниот, емотивниот и социјалниот развој на учениците. Исто така во соработка со ХЕСО и со ЗЗЗ, во училиштето се врши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите работни простории. Со редовното спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација се оневозможува појава на на заразни болести кај учениците и вработените. Исто така, во соработка со Регионалниот центар за управување со кризи Струмица беше спроведено едукативно предавање на учениците и наставниот кадар во поглед на нивното однесување во услови на земјотрес или пожар (со поставување на план на училишната зграда со одбележани ходници и скалила по кои учениците и вработените од училиштето е потребно да се движат, во случај на таква непогода). Во училиштето секоја година исто така од страна на Медицински центар - Струмица се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците. Сексуалното образование на учениците е застапено во сите одделенија преку содржини и работилници по предметот Вештини на живеење. Поради присуство на ученици со посебни образовни потреби,( проблеми со говорот на ученици ) во нашето училиште се јавува потреба од вработување на стручен кадар ( логопед ) чија професионална задача ќе биде работа со учениците кои имаат пречки во говорот. Во училиштето исто така се води редовна евиденција за напредокот на учениците. Еден поголем дел од нашите ученици земаат учество на бројни натпревари од сите дисциплини, при што некои од нив се здобиваат со награди и признанија. Училиштето соработува со сите основни училишта во општината а исто така и со сите средни училишта во градот. Сите наши ученици го продолжуваат образованието во средните училишта по сопствен избор. Со цел полесно определување на учениците во натамошното школување, средните училишта секоја година во месец мај ги презентират своите програми пред нашите ученици. По завршувањето на уписите во средните училишта, од истите добиваме и писмена информација за тоа каде нашите ученици го продолжуваат образованието.

**Идни активности**

- Интензивирање на соработката со родителите, како и на релацијата ученик-родител-наставник
- Вработување на  специјализирано лица ( логопед )
- Предавања од стручни лица за болестите, зависности од дрога и пушењето.
- Неопходно е да се изготви Програма и Тим на училиштето за следење на насилно однесување на учениците, како и предавање на родителите и наставниците за насилство кај децата

## 5. Училишна клима

**Клучни страни:**

- Во училиштето владее клима на соработка и меѓусебно почитување и разбирање.
- Успесите на училиштето се резултат на ангажирање и активност на сите вработени и сите субјекти заинтересирани за работата на училиштето.
- Педагошкиот контакт на наставникот и ученикот се заснова на меѓусебна доверба и почитување.
- Постои успешна соработка меѓу училиштето и локалната заедница.
- Во училиштето се почитуваат различностите, има разбирање и толеранција помеѓу учениците, се учаат се почитува мултикултурализмот, учениците да се разбираат, дружат, другаруваат, заедно да учествуваат рамноправно во донесување на одлуките, проектите, работилниците.
- Стручната служба дава целосна поддршка на наставниците, родителите и учениците.

**Слабости**

- Недостасува просторија во која би имало оптимални услови за соработка со родителите - Катче за родители.
- Училиштето треба да избира витез на другарството со цел да го стимулира дружењето и да ги промовира позитивните детски особини.
- Учениците треба да бидат повеќе вклучени во училишните тела, да донесуваат одлуки и демократски да се однесуваат.

**Анализа на резултатите**

За позитивниот имиџ на добро училиште и углед во поширокота заедница, препознатливо по квалитетот на работењето допринесуваат сите вработени во истото. Постои стремеж за остварување на мисијата и визијата на училиштето. Постојано се унапредува меѓусебната професионална соработка меѓу вработените, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Преку користење на современи методи, форми и техники, наставниот кадар им овозможува на учениците да го постигнат максимумот во развојот на својата личност. Со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учениците учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер и нивните успеси се промовираат на интернет страната, медиуми и културни манифестации.
Постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) , кој е изложен на видно место заедно со куќниот ред.
Постои континуирана грижа за здравјето на учениците и за нивната безбедност. Се негува родовата сензитивност и постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло. Се поддржува инклузивноста и се зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.
Дисциплината на учениците е на задоволително ниво, а сите новонастанати проблеми со поведението и дисциплината се решаваат тековно. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница.
Училиштето во договор со наставниците има направено распоред за приемен ден на родителите, но и покрај тоа родителите се примат во училиштето во секое време без да се ремети наставата.
Наставниците квалитетно ја извршуваат својата работа: ги образуваат и збогатуваат своите ученици со знаење, но во исто време тие ги воспитуваат и подготвуваат за реалниот живот во кој тие ќе бидат добри граѓани и идни носители на секојдневието.
Изработен е план за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди.
Безбедноста е зголемена со поставување на камери по ходниците.
Кадарот е обучен за користење на ПП апарати.
Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку пристапна рампа, но има потреба уште од една рампа на главниот влез и лифт во училиштето.
Училиштето има голема соработка со МВР, кој изведува разни работилници, предавања и практични активности  за учениците и родителите (особено за учениците од прво одд. и за учениците од деветто одд.).
Училиштети располага со прирачна аптека за прва помош.
Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно.
Училиштето организира хумани акции спроведени од ученици и самоиницијативно пронаоѓа спонзори за да им помогне на децата од загрозени социјални семејства и при елементарни непогоди.

**Идни активности**

- Поставување на мисијата и визијата на училиштето на видно место
- Продложување на соработката со локалната заедница со акцент на културните активности
- Спроведување на активности поврзани со проекти предвидени од МОН, БРО и други институции

## 6. <u>Ресурси</u>

**Клучни страни**

- Наставниците се трудат да изведуваат настава и да постигаат добри успеси и покрај тоа што немаат кабинети и доволно нагледни средства и помагала. Наставниците и стручната служба редовно се усовршуваат, стекнуваат нови знаења и вештини кои им помагаат во работењето, посетуваат обуки кои се потребни за работа и нормално одвивање на наставниот процес.
- Наставничкиот кадар постојано е во тек со новите закони и измени во образованието и сето тоа го применува во наставниот процес. Приправниците имаат ментор кој ја следи работата, стручната служба исто така дава поддршка за приправниците и новоработените.

**Слабости**

-Подобрување на просторните и материјалните услови во училиштето ( училници за ученици од прво одделение )
-Потреба од стручна литература
-Потреба од поголем број наставни помагала и нагледни средства ( збогатување со повеќе дигитални помагала )
-Потреба од обуки и семинари за наставници поврзани со воспитно образовниот процес
-Потреба од обнова на училишен инвентар

**Анализа на резултатите**

Училиштето ООУ,,Видое Подгорец’’- Струмица има потреба од училници за сместување на ученици од прво одделение, набавување на повеќе наставни помагала и нагледни средства. Во библиотеката фондот на книгите делумно ги задоволува потребите на учениците, а за наставниците стручна литература има само од посетуваните обуки.

Училиштето редовно ги користи сите можности наставниците да ги посетуват сите семинари, работилници и разни други стручни едукации ( што се финансирани од други организации).

Се надеваме дека со спроведување на  новите законски одредби и нормативи, наставниците реално ќе бидат вреднувани и наградувани за својата работа во наставниот процес

**Идни активности:**

- Опремување на училиштето со кабинети
- Да се доизградат училници за сместување на ученици во прво одделение
- Да се дигитализира училиштето со ИКТ оппрема за целосно осовременување на воспитно – образовниот процес
- Да се обнови училишниот инвентар

## 7. Управување,раководење и креирање на политики

**Клучни страни**

- Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери
- Добра соработка помеѓу директорот на училиштето, претседателот и членовите на училишниот одбор, стручната служба
- Континуирана соработка со локалната самоуправа на општината; Бирото за развој на образованието, МОН, ДПИ
- Континуирана соработка со родителите (совет на родители)
- Постои соработка помеѓу стручната служба и наставничкиот совет, стручните активи, и другите вработени
- Продлабочување и адаптирање на годишните програми на наставниците спрема потребите на учениците
- Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области.

**Слабости**

- Недостаток од материјално - технички средства
- Недоволна просторна застапеност

**Анализа на резултатите**

- Училиштето има постојано добра соработка со родителите.
- Соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.Таа соработка е продлабочена со потпишување на меморандум.

**Идни активности:**

- Зголемување на активноста за проширување на просторните услови во училиштето ( училници за ученици од прво одделение )
- Учество во проекти
- Проекти за капитални инвестиции ( да се обнови училишниот инвентар )
- Подобрување на условите за работа во училиштето ( дигитализација на училиштето со ИКТ опрема )

Комисија за изработка на самоевалуација:

1. Вања Кирова - психолог
2. Сања Ташева - педагог
3. Тања Црвенковска - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Елизабета Савова - одделенски наставник
5. Емилија Пандева - родител

ООУ “Видое Подгорец” – Струмица

Д и р е к т о р,

_______________________

Леонид Танчев

Претседател на УО,

_______________________

Горан Иванчев

Септември, 2023 година